## КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Д-р ЕЛЕНА ЈОШЕВСКА** е родена на 09.09.1982 година во Битола. Во 2006 год., дипломирала на Факултетот за биотехнички науки во Битола, на насоката преработка на анимални производи со просечен успех 9,56 како првенец на генерацијата, со што се стекнала со стручен назив *Дипломиран инженер за преработка на анимални производи*. Постипломските студии ги завршила на студиската програма за квалитет и безбедност на месо и преработки од месо на Факултетот за биотехнички науки-Битола, Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола во 2009 година, стекнувајќи се со научен степен *магистер по биотехнички науки*. Докторирала во 2013 година на Факултетот за биотехнички науки-Битола, Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола и се стекнала со научен степен *доктор на биотехнички науки*.

Од 07.12.2007 година, е во работен однос како помлад асистент на Факултетот за биотехнички науки-Битола, а од 2010 и како асистент на истиот факултет.

Во 2013 година е избрана во наставно-научно звање *доцент* од научната област 41400 Прехранбено инженерство и 41403 Друго, а во 2018 година за *вондреден* професор.

Вклучена е во реализацијата на наставата на сите три циклуси студии на Факултетот за биотехнички науки-Битола. Во рамките на стручно апликативната дејност е ангажирана како *аналитичар* и во апликативната работа на Лабораторијата за екстракција на етерични масла од зачински и лековити растенија и детерминација на биолошки активни материи на Факултетот за биотехнички науки, Битола. Во периодот од 2013-2015 година и 2015-2017 година е назначена за ЕКТС Координатор на Факултетот.

Од 2015 година е член на Комисијата за самоевалуација, каде била вклучена и во *таргет групата на наставници* од Факултетот на состанокот со експертски тим од Институционалната евалуациона програма при Европската асоцијација на Универзитети со цел спроведување надворешна евалуација на Универзитетот. Од 2017 година назначена е за член на Факултетскиот Одбор за соработка и доверба со јавноста. Во моментот ја извршува функцијата, *секретар* на Катедрата за Прехранбена технологија.

Во збогатувањето на нејзиниот научно-едукативен идентитет посебен придонес имаат реализираните студиски престои на Универзитетите во Германија, Русија и Бугарија како и учеството во научно-истражувачките проекти. Учесник е на голем број обуки, семинари и работилници од областа на образованието, агропрехранбениот сектор и дејности од поширок интерес.

Автор и коавтор е на околу 60 научни и стручни трудови публикувани во домашни и меѓународни списанија и на меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми.

Д-р Елена Јошевска е член на Уредувачкиот Одбор на две Меѓународни Научни Списанија од областа на биотехничките науки.

Подрачје на нејзин научен интерес е: прехранбената технологија со посебен акцент на технологијата на месото и месните преработки.